Точка на дневен ред: **14**
Предлагач: **Акционери**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Одлука за изменување и дополнување на Деловник за работа на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, да ја усвои следната:

**Одлука за изменување и дополнување на Деловник за работа на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

Во прилог:

- Одлука за изменување и дополнување на Деловник за работа на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје.

Скопје, мај 2017 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог – одлука за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје, ја донесе следната:

## Одлука за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

**Член 1**
Предмет на оваа Одлука се измени и дополнувања на Деловникот за работа на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје (бр. 0201/1983/11 од 21.04.2005 година), поради усогласување со Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.

Член 6 од Деловникот се менува и гласи:
„ Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно објавувањето на јавниот повик за учество на Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде покус од 30 дена до денот на одржување на Собранието.“

Во член 7, став 2, по алинеа 3 се додава нова алинеа 4 која гласи:
„- Предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на акционери;“

Во член 7, став 2, алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 5 и 6.

Во член 10, став 3, алинеа 3 се менува и гласи:
„- член на органот на управување, односно на надзорен одбор, вработен или овластен ревизор на поврзани или зависни друштва со Банката, вклучително и членовите на неговото потесно семејство и“

Во член 17, став 2 се менува и гласи:
„ Собранието на Банката одлучува со 2/3 од акциите со право на глас претставени на Собранието за издавање на акции, за зголемување или намалување на основната главнина на Банката, за престанок на Банката и во други случаи утврдени со закон.“

Во член 17, по став 2 се додава нов стан 3 кој гласи:

„ Собранието на Банката одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на акции со право на глас за измена на Статутот, како и за статусни промени.“

**Член 2**
Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да подготви и пречистен текст на Деловникот за работа на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје

**Член 3**
Оваа одлука стапува на сила по усвојување од страна на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје.

Во Скопје, 11.05.2017 година

Одлуката да се достави до:
Кабинет на Управен одбор

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Собранието на НЛБ Банка се вршат поради усогласување со измените на Статутот на Банката кој оваа година се менува поради измени во Законот за банките и Законот за трговските друштва, како и подобрување на текстот на Статутот односно Деловникот.